Општина Охрид
Градоначалник

Градоначалник
Димитар Влахов бр. 57
6000 Охрид
gradonacalnik@ohrid.gov.mk
Тел. (046) 262-469
Фах. (046) 262-545
www.ohrid.gov.mk

Врз основа на член 105-113 од Законот за работните односи (Сл. Весник на РМ бр. 62/05, ... и 288/21), и член 13 од Законот за пожарникарството (Сл. весник на РМ бр. 67/04, ... и 152/19), Градоначалникот на општина Охрид, донесе:

**П Р А В И Л Н И К**
**за плата на вработени во територијалната противпожарна единица на Општина Охрид**

**Член 1**

Со овој Правилник се регулираат начинот и критериумите за пресметување на плата на вработени во територијалната противпожарна единица на Општината (во понатамошниот текст: професионални пожарникари).

**Член 2**

Професионалните пожарникари имаат право на плата, согласно со закон, колективен договор и договор за вработување.

Платата на професионалните пожарникари се пресметува во бруто износ, а се исплатува нето паричен износ еднаш месечно во тековниот месец за претходниот месец.

**Член 3**

Платата на професионалниот пожарникар е составена од основната плата и додатоците.

**Член 4**

Основната плата ја сочинуваат: делот за плата за степен на образование, делот на плата за ниво и минималната плата согласно закон.

1. Делот на плата за степенот на образованието на професионалниот пожарникар се вреднува на следниот начин:

- ниво на квалификации VI А, 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен ........................................................................... 200 бодови
- ниво на квалификации VI Б, 180 кредити според ЕКТС ...........175 бодови
- ниво на квалификации V А, 60 до 120 кредити според ЕКТС или вишо образование...........................................................................................150 бодови
- ниво на квалификации IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или средно образование ........................................................................100 бодови

2. Делот на плата за ниво на кое е распореден професионалниот пожарникар се вреднува на следниот начин:

- ниво А4 - командир на територијална противпожарна единица ........................................................................................ 346 бодови

Општина Охрид
Градоначалник

Градоначалник

Димитар Влахов бр. 57
6000 Охрид
gradonacalnik@ohrid.gov.mk

Тел. (046) 262-469
Фах. (046) 262-545
www.ohrid.gov.mk

- ниво А5 - заменик командир на територијална противпожарна единица ........................................................................ 276 бодови

- ниво Б4 - командир на одделение ........................................ 273.8 бодови
- ниво В4 - пожарникар спасител ............................................ 223.8 бодови
-

**Член 5**

Делот на плата за работниот стаж на професионалниот пошарникар се вреднува во износ од 0,5% од делот на плата за степенот на образованието и за ниво, за секоја навршена година работен стаж, а најмногу до 20%.

**Член 6**

Поради видот и природата на работите што ги извршуваат, износот на платата на професионалните пожарникари во територијалната противпожарна единица е поголема за 20% од платата на другите вработени со соодветна стручна подготовка за работни места во општинската администрација.

**Член 7**

Професионалниот пожарникар за работа во денови на празници утврдени со закон, има право надодаток на плата за поминати часови на работа во износ од 50% од износот на основната плата.

Професионалниот пожарникар има право на додаток на плата ако работи подолго од полното работно време и тоа во висина од 35% по час од износот на основната плата.

Професионалниот пожарникар има право на додаток на плата ако работи ноќе и во викенд и тоа во висина од 35% по час од износот на основната плата.

Професионалниот пожарникар има право на додаток на плата во висина од 5% по час од износот на основната плата за работа во смени.

**Член 8**

Професионалниот пожарникар има право на надоместок на платата за целото време на отсуство во случаите и во траење определени со Законот за работните односи и Колективен договор, како и во случаите кога не работи од причини на страната на работодавачот.

**Член 9**

Професионалниот пожарникар има право на надомест на трошоци поврзани со работа во случаите определени со Законот за работните односи и Колективен договор.

**Член 10**

Со влегувањето во сила на овој Правилник престанува да важи Правилникот за плата на вработени во територијалната противпожарна единица на општина Охрид бр. Бр.09-930/1 од 24.01.2018 година.

Општина Охрид
Градоначалник

Градоначалник
Димитар Влахов бр. 57
6000 Охрид
gradonacalnik@ohrid.gov.mk
Тел. (046) 262-469
Фах. (046) 262-545
www.ohrid.gov.mk

**Член 11**

Овој правилник влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се применува од 01.01.2023 година.

**Изготвил:**
**Пом. Раководител на Сектор за правни работи**
**Иван Лотески**

**Одобрил:**
**Секретар на општина Охрид**
**Александар Китески**

**Градоначалник**
**Кирил Пецаков**

--------------------